Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 01-362/1
14.02 20 20 год./vit.
Кичево - Kërçove

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR FURNIZIM ME UJË

СТУДЕНЧИЦА
STUDENÇICA

Булевар Ослободување 60А/1-1, П.Фах 23, 6250 Кичево
Bulevardi i Çlirimit 60A / 1-1 P.fax 23, 6250 Kërçovë
Тел/Tel: 045/220-121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА*
# *за 2019 година*

**Кичево, февруари 2020 година**

## *Содржина на извештајот*


| | | |
|---|---|---|
| *1.* | ***ВОВЕД*** | ***3*** |
| *2.* | ***ОПШТ ДЕЛ*** | ***4*** |
| *3.* | ***Технички работи*** | ***7*** |
| *4.* | ***Општо-кадровски, нормативни и правни работи*** | ***18*** |
| *5.* | ***Економско-финансиско работење*** | ***29*** |

## 1. ВОВЕД

Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" - Кичево како правен субјект е настанато со статусна промена, делење на ЈП за водоснабдување "Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје на две јавни претпријатија. Со Одлука на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување " Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје бр.0201-267 од 09.05.2001 година на која Владата на РМ даде согласност со Одлука бр. 23-3213/1 од 12 јули 2001 година објавена во Сл.весник на РМ бр.53 од 12 јули 2001 година. Со наведената статусна промена целокупниот капитал и средства на ЈП "Студенчица и Злетовица" Скопје остануваат во сопственост на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Скопје, како и сите права и обврски на ЈП "Студенчица и Злетовица" Скопје во целост ги презема ЈП " Студеница" Скопје. ЈП "Студенчица и Злетовица " Скопје е бришано од судскиот регистар со Решение Срег.бр.268/2001 од 23.07.2001 година, а новото ЈП " Студенчица" Скопје е впишано во трговскиот регистар при Основниот суд Скопје 1 со Решение рег.бр.2706/2001 од 23.7.2001 година.

Дејноста на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Кичево е утврдена во член 2 на горенаведената Одлука:

**36.00 - Собирање, пречистување и диструбуција на вода за пиење и прехранбена вода** и одржување и експлоатација на Регионалниот водовод "Студенчица" за потребите на делови од 7 (седум) општини и тоа: Кичево, Пласница, Македонски Брод, Долнени, Крушево, Кривогаштани и Прилеп и технолошка и санитарна вода за потребите на РЕК "Осломеј.

Во текот на 2009 год. од страна на Владата на РМ, дадена е согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување "Студенчица" Скопје, бр. 02-145/1-2/1 од 30.01.2009 год. за проширување на дејноста на ЈП, **35.11 производство на електрична енергија**.

Во текот на 2013 година од страна на Владата на РМ, дадена е согласност за дополнување на Статутот на ЈП за водоснабдување Студенчица со нова дејност **11.07 Производство на освжителни пијалоци, производство на минерална вода и друга флаширана вода**.

Според **ОСНОВНО РЕШЕНИЕ за регионално водоснабдување на Кичево со ТЕ "Осломеј", Македонски Брод, Прилеп и Крушево со населените места со вода од изворот на р. Студенчица,** од јануари 1975 година, на крајот од проектниот период предвидено е да се водоснабдуваат, покрај четирите градови и 68 населени места долж трасата на цевоводот, односно 72 заедно со градовите, со вкупен број од 192 051 жители.

Состојбата со приклучоците на регионалниот водовод, односно со приклучените населени места, на крајот од 2019 година не е променета во однос на претходната 2018 година. Според очекуваниот прираст, бројот на жителите кои се водоснабдуваат од Регионалниот водовод и приклучените населени места, на крајот од 2019 година е следна:

- Вкупно предвидени и приклучени населени места 56, со 133.499 жители,
- Вкупно предвидени и не приклучени населени места 22, со 7.141 жители,
- Вкупно не предвидени, а приклучени населени места 21, со 14.167 жители,

Од вкупниот збир на приклучени населени места (предвидени 56 и непредвидени 21) и предвидени, а не приклучени населени места 22 се добива бројка од 99 населени места, што е за 27 населени места повеќе од предвидените

со Основното решение, односно зголемен е бројот на населените места за 27.28%. Според бројот на жители вкупно се водоснабдуваат 155.038 жители што претставува 19.28% помалку во однос на предвидените во Основното решение од 192.051 жители на крајот на проектниот период 2010 година.

## 2. ОПШТ ДЕЛ

Од Програмата за работа за 2019 година која е изработена во рамките на финансиските можности на ЈП и потребите на регионалниот водоснабдителен систем, реализирани се дел од предвидените активности.

Единичната цена на водата за корисниците на РВ Студенчица за 2019 година е согласно Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението, на кој Владата на РМ даде согласност со Одлука на давањена согласност на ценовникот за висина на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем, бр.44-4665/1 од 19 јуни 2018 година објавена во Службен весник на РМ бр.114/2018 и цените се прикажани во следниот табеларен преглед **Т-2.1..** Истите се различни според оддалеченоста од изворот и изнесуваат:

**Т-2.1. Преглед на единичните цени за 2019 год.**

| Правно лице | Единечна цена (ден/м$^3$) |
|---|---|
| 1. ЈКП "Комуналец" ЦО Кичево | 1.2403 |
| 2. ЈКП "Комуналец" ЦО Македонски Брод | 1.9200 |
| 3. ЈКП "Комуна" ЦО Крушево | 2.5102 |
| 4. ЈКП "Комуналец" ЦО Прилеп | 2.5102 |
| 5. ЈКП "Комуналец" Долнени | 2.5102 |
| 6. ОЈПКД "Пелагонија" Кривогаштани | 2.5102 |
| 7. ЈПКД "Комуналец" Пласница | 1.9200 |
| 8. РЕК Осломеј с.Осломеј | 5.3000 |

ЈП "Студенчица" Кичево, врз основа на испорачана сурова вода на корисниците, подружницата на ЕЛЕМ, РЕК "Осломеј", Јавните комунални претпријатија, заклучно со **31.12.2019** година има ненаплатени побарувања од купувачи од вкупно **79.233.930,00** денари. Покрај приходите остварени врз основа на испорачана сурова вода во 2019 година остварени се и приходи од продажба на електрична енергија од МХЕ Добренoец. Заклучно со **31.12.2019** година има ненеплатени побарувања кон МЕМО ДООЕЛ Скопје во износ од 1.**879.950,00** денари. Поединечнте побарувања од ЈКП, РЕК Осломеј и АД МЕПСО (МЕМО ДООЕЛ) е прикажано во следната табела Т-2.2:

**Т.2.2. Преглед на вкупни побарувања**

| Ред. бр. | Правно лице | Побарувања заклучно со 31.12.2018 год | Побарувања заклучно со 31.12.2019 год |
|---|---|---|---|
| 1. | АД "Елем" - Скопје | 2.096.539,00 | 4.204.326,00 |
| 2. | ЈП "Комуналец" - Кичево | 58.324.255,00 | 53.647.703,00 |
| 3. | ЈКП "ВИК" - М.Брод | 3.664.749,00 | 3.345.509,00 |
| 4. | ЈП "Комуна" - Крушево | 1.989.304,00 | 2.969.821,00 |
| 5. | ЈКП "ВИК"- Прилеп | 1.510.465,00 | 1.341.755,00 |
| 6. | ЈКП "Долнени" - Долнени | 6.587.316,00 | 9.989.049,00 |
| 7. | ЈКП "Комуналец" - Пласница | 3.634.053,00 | 3.467.428,00 |
| 8. | ОЈКП "Пелагонија" - Кривогаштани | 228.612,00 | 268.341,00 |
| 9. | АД „МЕПСО" Скопје | 707.709,00 | 1.879.950,00 |
| | **ВКУПНО:** | **78.743.002,00** | **81.113.880,00** |

**Т-2.3. Преглед на износи на наплатени побарувања 2018/ 2019 год**

| Ред. Бр. | Правно лице | Наплатени побарувања 31.12.2019 | Наплатени побарувања 31.12.2018 | Индекс на наплата 2019/2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈКП "Комуналец" - Кичево | 14.510.062,00 | 9.016.108,00 | 1.6094 |
| 2. | ЈКП "ВИК" - М. Брод | 1.444.185,00 | 1.153.005,00 | 1.2526 |
| 3. | ЈКП "Комуна" - Крушево | 1.539.365,00 | 1.626.663,00 | 0.9464 |
| 4. | ЈКП "ВИК" - Прилеп | 17.615.384,00 | 16.744.206,00 | 1.0521 |
| 5. | ЈКП "Долнени" - Долнени | 1.637.217,00 | 2.163.877,00 | 0.7576 |
| 6. | РЕК "Осломеј" - Кичево | 12.251.660,00 | 12.233.427,00 | 1.0015 |
| 7. | ЈКП "Комуналец" - Пласница | 1.562.337,00 | 1.330.698,00 | 1.1741 |
| 8. | ОЈКП "Пелагонија" - Кривогаштани | 57.910,00 | 27.507,00 | 2.1053 |
| | **Вкупно:** | **50.618.120,00** | **44.295.491,00** | 1.1428 |

Процентот на наплата на побарувањата на ЈП односно плаќањето на обврските од страна на ЈКП за 2019 година е приближно 39% од вкупните нивни обврски и е поголем во однос на наплатата за 2018 година како што е прикажано во табеларен преглед на Т-2.3.

Состојбата со побарувањата во ЈП и нивната анализа се предмет на обработка во економско-финансискиот дел од овој извештај.

Кичево,

Февруари, 2020 година

Директор/Drejtori

Urim Ahmedi jurist i diplomuar

***И З В Е Ш Т А Ј   З А   Р А Б О Т А***
***за период од 01.01-31.12.2019 година***
***технички сектор***

**Извештај за реализирани инвестициони активности за периодот**

| Реден број | Планирани инвестициони активности за соодветниот период согласно Годишната инвестициона прорама на претпријатието, одобрена од Владата на Р. Македонија | Планирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Год. Инвестиц. Програма (2018) | Планирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Год. Инвестиц. Програма (2019) | Реализирани буџетски средства за соодв. инвест. активност за периодот согласно Годиш. инвестиц. Програма (2019) | Процент на реализац. на планир. буџетски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатациониот век на цевководот на РВ Студенчица | / | 2.600.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 2.600.000,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) | / |
| 2 | Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичка состојба | 30.000,00 | 30.000,00 | 30.000,00 | 100.0 % |
| 3 | Испитување на заштитно и громобранско заземјување на објектите на РВ Студенчица | 30.000,00 | 30.000,00 | 30.000,00 | 100.0 % |
| 4 | Изработка на основен проект за изградба на ограда и основен проект за изградба на потпорен ѕид на РГ Другово | / | 30.000,00 | 30.000,00 | 100.0 % |
| 5 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | 0,00 | 0,00 | Не е реализирано | / |
| 6 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | 0,00 | 0,00 | Не е реализирано | / |
| 7 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Чуварска куќа Каптажа и Барбарас | / | 600.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 574.130,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) | / |
| 8 | Набавка и монтажа на ветерница и фотоволтажни панели за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објектот ПК Барбарас | / | 950.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 860.000,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) | / |
| 9 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација за 2019 | 300.000,00 | 300.000,00 | Активноста е во тек (објавен е оглас на ЕСЈН) | / |
| 10 | Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВ Студенчица, за 2019 година | 300.000,00 | 300.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 295.062,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) | |
| 11 | Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема, за 2019 | 1.500.000,00 | 3.500.000,00 | Активноста е во тек (објавен е оглас на ЕСЈН) | / |
| 12 | Одржување на постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица за 2019 година | 100.000,00 | 100.000,00 | Не е реализирано | |
| 13 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2019 година | 300.000,00 | 300.000,00 | 60.000,00 | 20.0 % |
| 14 | Транзиција на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 | 100.000,00 | 99.000,00 | 99.000,00 | 100.0 % |
| 15 | Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитетот ИСО 9001: 2015 (3 години, 50 % прва, 25% втора и трета) | 150.000,00 | 150.000,00 | 75.000,00 | 50.0 % |
| 16 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: РГ Другово и дирекција Кичево | 600.000,00 | / | 393.000,00 | 65.5 % |
| 17 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација за 2018 | 300.000,00 | / | 300.000,00 | 100.0 % |
| 18 | Набавка на теренско возило | 600.000,00 | / | 599.900,00 | 99.9 % |
| 19 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | 1.500.000,00 | 3.000.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 3.000.000,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) | / |
| 20 | Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2018 година | 1.500.000,00 | 3.500.000,00 | 820.000,00 | 54.67 % |
| 21 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2018 година | 300.000,00 | 300.000,00 | 57.600,00 | 19.20 % |
| 22 | Купување на деловни простории за дирекција на претпријатието во Кичево | 9.000.000,00 | 9.000.000,00 | Не е реализирано | / |

## Т-3 Преглед на реализација на активности за 2019 година

*преглед на реализирани активности, според инвестиции и активности*

### *3.1 Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2019 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија)*

#### *3.1.1 Инвестиоционо - техничка документација и интелектуални услуги*

| Ред.бр. | Опис | Предвидена вредност без ДДВ | Реализирано без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатациониот век на цевководот на РВ Студенчица | 2.600.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 2.600.000,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) |
| 2 | Изработка на извештај и испитување на системот за катодна заштита со дијагностика за фактичка состојба | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 3 | Испитување на заштитно и громобранско заземјување на објектите на РВ Студенчица | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 4 | Изработка на основен проект за изградба на ограда и основен проект за изградба на потпорен ѕид на РГ Другово | 30.000,00 | 30.000,00 |
| | **Вкупно 3.1.1:** | **2.690.000,00** | **90.000,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **3,35** | **75,00** |

#### *3.1.2 Инвестициона градба*

| Ред.бр. | Опис | Предвидена вредност без ДДВ | Реализирано без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со јавно приватно партнерство | 0,00 | Не е реализирано |
| 2 | Изградба на фабрика за полнење на вода со јавно приватно партнерство | 0,00 | Не е реализирано |
| 3 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: Чуварска куќа Каптажа и Барбарас | 600.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 574.130,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) |
| 4 | Набавка и монтажа на ветерница и фотоволтажни панели за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објектот ПК Барбарас | 950.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 860.000,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) |
| | **Вкупно 3.1.2:** | **1.550.000,00** | **0,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **-** | **-** |

#### *3.1.3 Набавка на опрема*

| Ред.бр. | Опис | Предвидена вредност без ДДВ | Реализирано без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација за 2019 | 300.000,00 | Активноста е во тек (објавен е оглас на ЕСЈН) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Набавка на резервни делови за СКАДА систем на РВ Студенчица, за 2019 година | 300.000,00 | Потпишан договор (вредност на договорот 295.062,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) |
| 3 | Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема, за 2019 | 3.500.000,00 | Активноста е во тек (објавен е оглас на ЕСЈН) |
| | **Вкупно 3.1.3:** | **4.100.000,00** | **0,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **0,00** | **0,00** |

### *3.1.4 Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема*

| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
|---|---|---|---|
| 1 | Одржување на постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица за 2019 година | 100.000,00 | Не е реализирано |
| 2 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2019 година | 300.000,00 | 60.000,00 |
| | **Вкупно 3.1.4:** | **400.000,00** | **60.000,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **15,00** | **-** |

### РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА АКТИВНСТИ ОД ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2019 година

| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
|---|---|---|---|
| 3.1.1 | Инвестиционо-техничка документација и интелектуални услуги | **2.690.000,00** | **90.000,00** |
| 3.1.2 | Инвестициона градба | **1.550.000,00** | **0,00** |
| 3.1.3 | Набавка на опрема | **4.100.000,00** | **0,00** |
| 3.1.4 | Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема | **400.000,00** | **60.000,00** |
| | **Вкупно 3.1 :** | **8.740.000,00** | **150.000,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **1,72** | **30,77** |

### *3.2 Активности за реализација од акумулирани средства*

#### *3.2.1 Започнати активности од претходни години*

| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
|---|---|---|---|
| 1 | Транзиција на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2015 | **99.000,00** | **99.000,00** |
| 2 | Ресертификација на стандардот за менаџмент со квалитетот ИСО 9001: 2015 (3 години, 50 % прва, 25% втора и трета) | **150.000,00** | **75.000,00** |
| 3 | Реконструкција на придружни објекти од РВ Студенчица: РГ Другово и дирекција Кичево | **600.000,00** | **393.000,00** |
| 4 | Набавка на компјутери, по техничка спецификација за 2018 | **300.000,00** | **300.000,00** |
| 5 | Набавка на теренско возило | **600.000,00** | **599.900,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | **3.000.000,00** | Потпишан договор (вредност на договорот 3.000.000,00 денари; до 31.12.2019 финансиски не е реализирано) |
| 7 | Набавка на хидромеханска опрема и електротехничка опрема за 2018 година | **1.500.000,00** | **820.000,00** |
| 8 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Доброноец за 2018 година | **300.000,00** | **57.600,00** |
| | **Вкупно 3.2.1 :** | **6.549.000,00** | **2.344.500,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **35,80** | **87,50** |
| | ***3.2.2 Планирани активности во тековната година*** | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Купување на деловни простории за дирекција на претпријатието во Кичево | **9.000.000,00** | Не е реализирано |
| | **Вкупно 3.2.2 :** | **9.000.000,00** | **0,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **-** | **-** |
| | **РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД АКУМУЛИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2019 година** | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 3.2.1 | Започнати активности од претходни години | **6.549.000,00** | **2.344.500,00** |
| 3.2.2 | Планирани активности во тековната година | **9.000.000,00** | **0,00** |
| | **Вкупно 3.2 :** | **15.549.000,00** | **2.344.500,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **15,08** | **77,78** |
| | **СЕ ВКУПНИ ИНВЕСТИЦИИ** | | |
| **Ред.бр.** | **Опис** | **Предвидена вредност без ДДВ** | **Реализирано без ДДВ** |
| 1 | Активности за реализација од планирани приходи во деловната 2019 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија) | **8.740.000,00** | **150.000,00** |
| 2 | Активности за реализација од акумулирани средства | **15.549.000,00** | **2.344.500,00** |
| | **ВКУПНО:** | **24.289.000,00** | **2.494.500,00** |
| | **Реализација според инвестиции-активности во %** | **10,27** | **50,00** |

Извршените работи предвидени со програмата за работа на ЈП за 2019 година, прикажани се во табела Т-3.

На планот од 2019 година направени се измени и дополнувања при што од планираните приходи во деловната 2019 година (приходи од продажба на вода и производство на електрична енергија) се предвидуваше да се извршат работи со вкупна вредност од 8.740.000,00 денари, а извршени се работи со вкупна вредност од 150.000,00 денари односно од вкупно предвидените активности финансиски реализирани се 1.72%, додека пак реализацијата според бројот на предвидени работи изнесува 30.77%. Од акумулираните средства се предвидуваше да се извршат работи со

вкупна вредност од 15.549.000,00 денари, а извршени се работи со вкупна вредност од 2.344.500,00 денари односно од вкупно предвидените активности финансиски реализирани се 15.08%, додека пак реализацијата според бројот на предвидени работи изнесува 77.78%.

1. Според програмата за работа за 2019 година, од делот Инвестициона-техничка документација и интелектуални услуги од вкупно 4 (четири) предвидени активности резлизирани се 3 (три) односно 75.00 % според бројот на предвидени работи. Предвидената активност за изработка на физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатациониот век на цевководот на РВ Студенчица е во тек и истата се очекува да биде реализирана до крајот на април 2020 година.

2. Во делот Инвестициона градба од вкупно 4 (четири) активности не е реализирана ниту една. Активностите за реконструкција на придружни објекти на РВ Студенчица – Чуварска куќа Каптажа и Барбарас и набавка и монтажа на ветерница и фотоволтажни панели за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објектот ПК Барбарас се во тек и во фаза на реализација која се очекува да заврши на почетокот од 2020 година. Останатите активности за изградба на МХЕ Варош и МХЕ Македонски Брод со ЈПП и изградба на фабрика за полнење на вода со ЈПП се одложени за 2020 година.

3. Во делот Набавка на опрема, од вкупно 3 (три) предвидени активности не е реализирана ниту една. Истите се во фаза на потпишување на договор и објава на оглас на ЕСЈН.

4. Во делот Тековно инвестиционо одржување на градежни објекти и опрема од вкупно 2 (две) активности реализирана е 1 (една) активност односно 50.0 % според бројот на предвидени работи.

5. Активностите од точка 3.2.1 - започнати активности од претходни години од вкупно 8 (осум) предвидени активности реализирани се 7 (седум) односно 87.50% според бројот на предвидени работи. Набавката на турбина и генератор за Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица е во фаза на реализација и се очекува да заврши во првата половина од 2020 година.

6. Активноста од точка 3.2.2 – планирани активности во тековната година, купување на деловни простории за дирекција на претпријатието во Кичево е одложена за 2020 година.

Покрај наведените активности во табеларните прегледи техничкиот сектор работеше на изготвување на тендерски документации и на реализација на истите преку

Комисии за ЈН, работеше на реализација на тековните активности, разни интервентни работи и тоа:

1. **Табеларен преглед на изработени тендерски документации и технички спецификации за јавни набавки**

| Реден број | Опис | Вид на постапка |
|---|---|---|
| 1 | Набавка на градежни материјали | Барање за прибирање на понуди |
| 2 | Набавка на хигиенски средства | Набавка од мала вредност |
| 3 | Набавка на канцелариски материјал | Набавка од мала вредност |
| 4 | Набавка на огревно дрво франко објекти на РВС Студенчица | Барање за прибирање на понуди |
| 5 | Набавка на резервни делови за постоечки СКАДА систем на РВС Студенчица | Набавка од мала вредност |
| 6 | Ветерна централа и фотоволтажни панели (хармонизиран систем) за производство на електрична енергија за сопствени потреби на објектот Барбарас | Поедноставена отворена постапка |
| 7 | Набавка на плин за парно греење на објект РГ Другово за 2019/2020 години | Набавка од мала вредност |
| 8 | Набавка на ХТЗ и друга опрема за вработените | Набавка од мала вредност |
| 9 | Набавка на хидромеханска и електротехничка опрема | Поедноставена отворена постапка |
| 10 | Набавка на компјутери | Набавка од мала вредност |
| 11 | Набавка на гориво за службени моторни возила за 2019/2020 година | Поедноставена отворена постапка |
| 12 | Набавка на гуми, резервни делови и друг потрошен материјал за службени возила, градежна машина и останата опрема | Набавка од мала вредност |
| 13 | Угостителски услуги | Набавка од мала вредност |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Осигурување на надвижен имот и вградена опрема на РВ Студенчица 2019/2020 | Барање за прибирање на понуди |
| 15 | Технички преглед, периодично испитување и одржување на МХЕ Добреноец за 2019 | Барање за прибирање на понуди |
| 16 | Ревизија на финансиски извештаи и извештаи за материјално финансиско работење на ЈП Студенчица за 2019 година | Набавка од мала вредност |
| 17 | Физибилити студија за одредување на оптимално решение за продолжување на експлоатациониот век на цевководот на РВ Студенчица | Поедноставена отворена постапка |
| 18 | Одржување, поправка и сервисирање на службени возила и на друга опрема за 2019/2020 година | Набавка од мала вредност |
| 19 | Набавка и монтажа на турбина и генератор на Микро ХЕЦ Зафат на изворот Студенчица | Отворена постапка |
| 20 | Реконструкција на придружни објекти на РВ Студенчица: чуварска куќа Каптажа и Барбарас | Набавка од мала вредност |

## 2. Тековни активности

- Учество во комисијата за сите јавни набавки во Јавното Претпријатие;
- Изработка на фактури за испорачаната вода од Регионалниот водовод Студенчица;
- Изработка на фактури за испорачана електрична енергија од МХЕ Добреноец;
- Изготвување на документација за трасата и нивелетата на цевководот, издавање на хидротехнички услови за градење на објекти и урбанистичко планирање во близина на Регионалниот водовод Студенчица по барање на странките;
- Водење на евиденција за издашноста на изворот;
- Секојдевна анализа на протоците на изворот, зафатените количества и нивната распределба;
- Организирање и следење на работите на работната група за одржување и интервенции;
- Редовна контрола на системот за катодна заштита на Регионалниот водовод;
- Следење на работата на SCADA системот на Регионалниот водовод;

- Следење на работата на МХЕ Добреноец, редовно тековно подмачкување на лежишта на турбина и генератор на секои 1500 работни часа.
- Учество во изработката на годишниот план за работа на Јавното претпријатие, инвестиционата програма како и извештаите за работа на претпријатието

3. **Активности на работната група и диспечерската служба**

- Чистење на снег во кругот на каптажата и Разделна градба Другово;
- Чистење на одрони од камења на пристапниот пат за каптажа, проверка и празнење на шахтите од вода околу Разделна градба Другово;
- Санација на еродирани површини од поројни дождови на пристапниот пат до каптажа (санација на дупките од патот како и чистење на потрупаните каналетки за одвод на површинска вода од патот);
- Чистење на кругот од каптажата, пристапниот пат до каптажа и кругот од РГ Другово од зарасната вегетација;
- Регулирање на проток во приклучните шахти: Србјани, Лисичани, Пласница, Македонски Брод, Долнени, Дебреште, Житоше, Ропотово, Сарандиново;
- Извршена е контрола на системот за катодна заштита, мерење на заштитниот потенцијал и подесување на режимот на работа на мерно исправувачките единици;
- Секојдневно читање на водостоите на изворот Студенчица како и мерните инструменти во Разделна градба Другово;
- Редовно месечно читање на сите водомери по приклучните шахти;
- Секојдневно чистење на теренските возила, како и употребуваниот рачен и електричен алат;
- Чистење и подмачкување на трансдјусерите – дел од ултразвучните мерни инструменти;
- Изработка и поставување на бетонски и метални капаци на шахтите од Регионалниот водовод;
- Редовна контрола на шахтите и прочистување на воздушни вентили – делница Каптажа – РГ Другово , делница РГ Другово – Македонски Брод, делница Македонски Брод-Прилеп, делница РГ Другово-РЕК Осломеј и делница Дебреште–ПС Норово;
- Лоцирање на цевководот со помош на инструмент на различни локации

4. **Интервентни работи**

- Санација на дефект на воздушен вентил бр.9 крак РГ Другово – Каптажа;
- Чистење на затрупани каналетки од пристапниот пат за Каптажа;
- Монтажа на инсертен мерач на притисок (сонда) и кабел на прекидна комора Варош;

- Санација на дефект на испустен вентил бр.94 крак Македонски Брод Барбарас;
- Уредување на речно корито на река Треска со цел заштита на цевководот на стационажа 7+325 km до 7+375 km крак РГ Другово-Македонски Брод;
- Санација на дефект (електронска плоча) на електромагнетен мерач на проток во приклучна шахта Македонски Брод;

Кичево, Февруари 2020 година

Изработил
Лазаровски Игор дги

Одобрил
Раководител на технички сектор
м-р Гоце Наќески

Директор/Drejtori
Urim Ahmedi jurist i diplomuar

***И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т А***
***за период од 01.01-31.12.2019 година***
***правен сектор***

*Кичево, февруари 2020 год.*

## ***ОПШТО НОРМАТИВНО ПРАВНИ РАБОТИ***

### *1.1. УПРАВЕН ОДБОР*

Управниот одбор на почетокот на извештајниот период работеше во состав од девет члена и тоа: Стојан Мицкоски , Маријана Андријеска , Саит Абазовски, Тони Матлиоски, Билјана Спасеска, Мерита Демири, Фестиме Дервиши, Јана Костадиноска и Садат Рамчески.

На крајот на извештајниот период Управниот одбор на јавното претпријатие работи со девет члена Стојан Мицкоски , Маријана Андријеска , Саит Абазовски, Тони Матлиоски, Билјана Спасеска, Мерита Демири, Фестиме Дервиши, Јана Костадиноска и Садат Рамчески.

Претседател на Управниот одбор во извештајниот период е Саит Абазоски, а заменик претседател е Фестиме Дервиши.

### *1.2. НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ*

На почетокот на извештајниот период Надзорниот одбор за контрола на финансиско материјалното работење работеше во полн состав од пет члена и тоа: Зорица Чепујноска, Ален Цаноски, Лирим Фејза, Исмаил Мехмеди и Насер Исмаили.

Со Решение **бр.24-1217/2 од 21.05.2019** на Владата на Република Северна Македонија за разрешување и именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈП„ Студенчица„ е разрешен Насер Исмаили на негово барање

***-арх.број 03-1155/1 од 30.05.2019 на ЈП „Студенчица" Кичево***

Со Решение **бр.24-6077/1 од 30.07.2019** на Владата на Република Северна Македонија за именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈП„ Студенчица„ е именуван Бујар Зенели-Гафурри

***-арх.број* бр.24-6077/1 од 30.07.2019 *на ЈП „Студенчица" Кичево.***

На крајот на извештајниот период Надзорниот одбор за контрола на финансиско материјалното работење работеше во полн состав од пет члена и тоа: Зорица Чепујноска, Ален Цаноски, Лирим Фејза, Исмаил Мехмеди и Бујар Зенели-Гафурри.

Претседател на Надзорниот одбор за контрола на финансиско материјалното работење е Лирим Фејза, а заменик претседател е Ален Цаноски.

Во септември 2019 година сите членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор за контрола на финансиско материјалното работење дадоа Изјави во ЈП дека доследно ќе се придржуваат на Кодексот за етичко однесување како носители на јавни функции именувани од стрна на Владата на Република Северна Македонија

### *1.3. ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ*

Во почетокот на извештајниот период Директор на јавното претпријатие е Урим Ахмеди, дипл.правник.

До крај на извештајниот период Директор на јавното претпријатие е Урим Ахмеди, дипл.правник.

За Потсетување:Управниот одбор на јавен конкурс за избор на директор го избра Урим Ахмеди за Директор на јавното претпријатие почнувајќи од 26.07.2018 година.

Мандатот на директорот е со траење од 4 години.

## *ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТИ АКТИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

Во текот на извештајниот период јануари - декември 2019 година, Управниот одбор на ЈП ,,Студенчица,, Кичево, донесе :

-Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП,, Студенчица,, Кичево10.05.2019 година на која Владата на Република Северна Македонија даде ссогласност а се однесуваШе на имплементација на Законот за јазиците.

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП за водосабдување ,,Студенчица,, Кичево, заради потребата од законско усогласување на Правилникот со Закон за изменување и дополнување на Закон за административни службеници (,, ,,Службен весник на Република Македонија,, бр 35/18. Правилникот е со бр. 600/1 од 11.04.2018 година.

На овој Правилник МИОА издаде писмена согласност бр 12/6-2910/3 од 09.08. 2018 година

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП за водосабдување ,,Студенчица,, Кичево од 21.08.2019

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на платата и другите надоместоци од плати на вработените на ЈП од 10.09.2019 година

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП за водосабдување ,,Студенчица,, Кичево од 25.12.2019

Правилник за начинот и постапката за оценување, содржината на извештаите и образецот за оценување на давателите на јавни услуги во ЈП 22.05.2019 година

Од минатата година во сила е:

-Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон РЕК Осломеј на Јавното претпријатие ,, Студенчица,, Кичево и истата беше во извештајниот период доставена заради добивање согласност од Владата на Република Македонија- 25.04.2018 година

-Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем Студенчица кон корисниците на Јавното претпријатие ,, Студенчица,, Кичево и истата беше во извештајниот период доставена заради добивање согласност од Владата на Република Македонија - 25.04.2018 година

Владата на Република Македонија даде согласност на ценовникот со Одлука бр.44-4665/1 од 19 јуни 2018 година и истата е заверена во ЈП на 25.06.2018 година.

## *КАДРОВСКИ РАБОТИ*

Во ЈП на почетокот на деловната 2019 година има 51 вработени на неопределено работно време вклучувајки го и Директорот на јавното претпријатие.

ЈП по претходно добиена согласност за вработување на определено време објави ОГЛАС бр 1 за вработување на 2 јавни службеници : Помлад соработник за сметководствено финансиски работи и Помлад соработник за правни и општи работи.

ЈП по претходно добиена согласност за вработување на определено време објави ОГЛАС за вработување на двајца даватели на услуги (октомври 2019): ракувач на градежни машини, и две помошно технички лица -Возач на директорот и Чувар на објект.

За четири места кои се објавени на определено време избрани се четири извршители кои се вработени во јавното претпријатие на определено време заклч;но со 31.12.2019 година и тоа: Помлад соработник за сметководствено финансиски работи и Помлад соработник за правни и општи работи, ракувач на градежни машини, Возач на директорот.

На крајот на извештајниот период во ЈП „Студенчица„ Кичево има) 51 вработени вклучувајќи го и Директорот.

Во јавното претпријатие е донесен План за Вработување и Предлог Финансиски план за вработување за 2020 на јп на кој Министерство за финансии немаше забелешки а потоа и Финансиски план за вработување за 2020 на јп (25.09.2019 година ) од Управниот одбор на ЈП кој е доставен до МИОА и до крај на извештајниот период е добиена согласност и позитивно мислење од министерство за финансии и од МИОА.

**Усогласување на работењето на Службата за физичко обезбедување и заштита согласно Законот и доопремување во функција на подобрување на обезбедувањето на објектите**

Во периодот јануари-декември 2019 година, се продолжи со исполнување на законските обврски предвидени за лицата кои вршат работи на обезбедување на лица и имот, односно постапка извршителите да поседуваат одобренија за носење оружје(месечен налог за носење оружје за секој месец за секој извршител поединечно).

ЈП е член на Комората на Република Македонија за обезбедување на лица и имот и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Статутот на Комората за обезбедување на имот и лица и другите интерни општи акти.

За извршителите на службата во извештајниот период Комората за обезбедување издаде за секој извршител поединечно легитимација за физичко обезбедување.

Во текот на месец декември 2019 година е организирано боево гаѓање на стрелиштето Камник во Скопје, со расположивото оружје кое Одделението за обезбедување го поседува во вршење на секојдневната смена.

Во 2019 година декември е проверена исправноста на противпожарните апарати согласно нивниот рок за употреба и сервисирање.

Во извештајниот период е набавена ХТЗ опрема и работна униформа за службата за обезбедување согласно правилникот .Со овие активности продолжува континуитетот на навремено обезбедување на средства за заштита , заштитна опрема .

**Активности со Државниот комунален инспекторат, во состав на Министерството за транспорт и врски**

Со оглед на фактот што Државниот комунален инспекторат изврши редовен инспекциски надзор во јули 2018 година, при што не се констатирани неправилности во работењето на јавното претпријатие, во извештајниот период не е извршен инспекциски надззор во извештајниот период.

**Активности со Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Во Извештајниот период во ЈП „Студенчица„ Кичево се доставени две Барања за пристап на информации од јавен карактер кои се во рок позитивно одговорени. Одбиени барања нема од страна на баратели, аисто така во извештајниот период нема ни вложени жалби против ЈП „Студенчица„ Кичево до Комисијата за заштита на слободен пристап на информации.

Во законскиот рок јануари 2019 е доставен Годишен извештај за 2018 година за поднесени барања за пристап на информации од јавен карактер до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер.

**Активности со Државниот инспекторат за животна средина, во состав на Министерството за животна средина**

На 21.11.2018 година Државниот инспекторат за животна средина изврши редовен инспекциски надзор во дирекцијата на претпријатието и му беа презентирани новите анекс договори врз основа на новиот ценовник на кој Владата даде согласност, врз основа на Решение од Регулаторна комисија. Исто така и беше презентиран и последниот извештај за анализа на сурова вода од ЈЗУ Институт за јавно задравје на Република Македонија. На записникот од страна на присутните лица и директорот беа ставени забелешки. Државниот инспекторат за животна средина до ЈП достави Решение бр ИП1 -08-411 од 22.11.2018 година со со кое го задолжи јавното претпријатие да ги утврди загадувачите на територијата на заштитните зони на ЈП во рок од 90 дена од добивање на ова решение. ЈП побара од инспекторатот да се одложи рокот од 90 дена заради лошите временски прилики и инспекцискиот надзор е извршен на 21.06.2019 година . Од страна на инспекторатот немаше некои особени забелешки.

**Активности за изработка на документација за безбедност и здравје при работа на вработените во јавното претпијатие**

Во текот на месец ноември отпочната е постапка за јавна набавка за набавка на ХТЗ опрема согласно потребите за заштитни средства кои обезбедувааат безбедност и здравје при работа, а кои се предвидени во

подзаконските акти на претпријатието. Во извештајниот период се почитуваат мерките за заштита при работа.

**Активности за ресертификација и прва надзорна проверка на ИСО 9001 : 2008 стандардите**

Во февруари 2019 година склучен е договор за Сертификација на сcстем за менаџмент со квалитет, согласно барањата на меѓународниот стандард ИСО 9001: 2015 година . Во октомври 2019 година е направен ресертификационен аудит по аудит план согласно барањата на меѓународниот стандард ИСО 9001: 2015. Од страна на иермата MQS од Скопје е издаден Извештај за проценка на 24.10.2019 и СЕРТИФИКАТ со кој се потврдува примената и понатамошниот развој на ефикасен СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ ИСО 9001: 2015 кој важи до 2022 година, а важноста на сертификатот ќе се одржува со годишни надзорни проверки.

**Активности од Архивското работење во ЈП**

До Државниот архив на Република Македонија - подрачно оделение Охрид, е доставен опис и попис на архивската граѓа за 2018 година, во законски утврдениот рок до 31.03.2019 година.

По однос на доставените од наша страна, изработени се измените на новите законски прописи: План на архивски знаци со листа на архивска граѓа од трајна вредност за 2020 година, Државниот Архив на РМ подрачно одделение Охрид издаде согласност на ЈП за примена на истите за 2020- година.

Во извештајниот период Државниот архив на Република Македонија даде согласност за примена на истите во 2020 година.

**Комуникација со Министерство за информатичко општество и администрација и имплементација на Законот за административни службеници во работата на ЈП како и на подзаконските акти**

Во извештајниот период писмено е доставена Програма за обука на вработените административни службеници во јавното претпријатие со табеларен приказ за видот на обуките и табела на генерички обуки кои соодвествуваат со каталогот на генерички обуки за 2019 година на Министерството за информатичко општето и на раководниот кадар во ЈП.

Во извештајниот период е извршено оценување на вработените од јавното претпријатие (даватели на услуги )за период јануари јуни и јуни декември 2019 година, а за административните работници оценувањето е извршено во три фази.

**Постапка на ревизија на материјално - финансиското работење на ЈП „Студенчица„ Кичево за 2019 година , од страна на независна ревизорска куќа за вршење на ревизија**

Во извештајниот период од страна на независна ревизорска куќа за вршење на ревизија на материјално-финансиско работење на ЈП „Студенчица„ Кичево извршена е Ревизија на материјално- финансиското работење за 2018 година на ЈП, доставен е финансискиот извештај за годината што завршува на 31.12.2018 година и извештај на независните ревизори.

Ревизијата е разгледана и прифатена од Управниот одбор на ЈП со Одлука за прифаќање на Извештајот на независните ревизори со биланс на состојба, биланс на успех, извештај за промените на главнината, извештајот на паричните токови, белешки на финансиските извештаи.

Во текот на месец ноември отпочната е постапка за јавна набавка Ревизија на материјално - финансиското работење за 2019 година на ЈП, и избрана е најповолна понуда, склучен е договор и по завршување на годината веднаш ќе се пристапи кон ревизија на материјално - финансиското работење за 2019 година на ЈП од страна на избраната ревизорска куќа.

**ПРЕГЛЕД НА УТУЖЕНИ ПОБАРУВАЊА КОН КОРИСНИЦИ НАРЕГИОНАЛНИОТ ВОДОВОД „СТУДЕНЧИЦА„**

1. **Основен суд Гостивар ТС Пл 8/14**
   **НОТАР ИСА АЈДИНИ Кичево УПДР бр 624/13**

Тужен ЈП Комуналец Пласница

Вредност **1.223.880,00** денари

Период на утужување од 01.06.2009 година до 30.06.2013 година.

Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Дозвола за извршување од нотар.

По поднесен приговор од должникот во Основен суд Гостивар донесена е пресуда поради признавање на долг ТС Пл 8/14 (правосилна и извршна)

2. **Основен суд Гостивар ТС Пл 1/269/13**
   **НОТАР ИСА АЈДИНИ Кичево УПДР бр 627/13**

Тужен ЈП Комуналец Кичево

Вредност **67.050.683,00** денари

Период на утужување од 01.09. 2001 година до 30.06.2013 година

Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Дозвола за извршување од нотар.

По поднесен приговор од должникот во Основен суд Гостивар донесена е пресуда поради признавање на долг ТС Пл 1/269/13 (правосилна и извршна)

3. **НОТАР ИСА АЈДИНИ Кичево УПДР бр625/13**

Тужен ЈП Комуналец Македонски Брод

Вредност **4.706.047,00** денари

Период на утужување од 01.11.2004 година до 30.06.2013 година

Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Решението е правосилно и извршно.

4. **Основен суд Прилеп ТС Пл 149/13**
   **НОТАР БОГЕ ДАМЕСКИ Прилеп УПДР бр84/13**

Тужен ЈП Долнени Долнени

Вредност **3.989.036,00** денари

Период на утужување од 01.12.2009 до 30.06.2013 година

Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Дозвола за извршување од нотар.

По поднесен приговор од должникот во Основен суд Прилеп донесена е пресуда поради признавање на долг ТС Пл 149/13 (правосилна и извршна)

5. **Основен суд Прилеп ТС Пл 139/13**
   **НОТАР НАДА ПЕТРЕСКА-АНГЕЛЕСКА Крушево УПДР бр08/13**

Тужен ЈП Комуна Крушево

Вредност **1.744.152,00** денари

Период за утужување од 01.08.2011 до 30.06.2013 година.

Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Решение за дозвола за извршување УПДР 08/13. Дозвола за извршување од нотар.

По поднесен приговор од должникот во Основен суд Прилеп донесена е пресуда поради признавање на долг ТС Пл 139/13 (правосилна и извршна)

**НОТАР ЕЛИЦА КОРУНОСКА Кичево УПДР бр 19716**

Тужен ЈП Комуналец Пласница

Вредност **1.999.399,00** денари

Период на утужување од 01.07.2013 година до 31.12.2015 година.

Предлог за донесување на Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Дозвола за извршување од нотар.

Не е поднесен приговор од должникот (правосилна и извршна)

**НОТАР БОГЕ ДАМЕСКИ Прилеп НПН бр27/2017**

Тужен Општинско ЈП за комунални дејности ,,Пелагонија,, Кривогаштани

Вредност **98.545,00** денари

За период од 01.11.2015 до 28.02.2017 година

Адвокат Златко Арсоски од Кичево

Правосилност Извршност 04.05.2017 година во архива заверено на 29.05.2017 год

**6. ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ *ТС 832/09***

**Апелационен суд Скопје ТСЖ 590/13**

**Тужени :1.**Друштво за производство, трговија и услуг НП инженеринг дооел Скопје

2.Друштво за проектирање, инженеринг и трговија ,, ВАКО,, Дооел Скопје Основ: неосновано збогатување и надомест на материјална штета

Вредност: **2.272.500,00** денари агажиран Адвокат Златко Арсоски

